Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 54 та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-2052/1 од 31.05.2021 година, против ---------- – Претседател ---------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, бидејќи веќе има постапено по предмет со слични со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 09-2052/1 од 31.05.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 31.05.2021 година, поднесена е пријава против --------------- –Претседател на ---------, и оформен е предмет број 09-2052/1 од 31.05.2021 година.

Во пријавата, подносителот укажува на постоење на судир на интереси и не спојливост на функции кај лицето -------------- –Претседател -------- и Директор на ---------------. Исто така според пријавителот, постои сомнеж дека при набавка на софтвер за -------, истиот е набавен од фирмата ---------, каде основач е лицето -------- кој е сопруг на актуелна пратеничка ----------. Наведената пратеничка е сопственик – основач на адвокатското друштво ----------, кое ја застапувало ---------- –Претседател на ---------- во постапка пред ДКСК.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите за што на 50-тата седница на ДКСК одржана на 23.07.2021 година е донесена одлука број 09-168/12.

Понатаму лицето ------- не е блиско лице на претседателката на ------- на РСМ, -------- во смисла на член 8 став 4 од ЗСКСИ поради што ДКСК нема надлежност да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на претходно наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М

Одобрил: К.Н-член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk